МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ

# ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ
# НА ЗАКОНОТ ЗА РЕВИЗИЈА

Скопје, __.__. 2013 година

ВОВЕД

I.ОЦЕНА НА СОСТОЈБИТЕ ВО ОБЛАСТА ШТО ТРЕБА ДА СЕ УРЕДИ СО ЗАКОНОТ И ПРИЧИНИТЕ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Со Законот за ревизија од 2010 година во делот на прекршочните одредби е уредено дека, покрај утврдените глоби за друштвото за ревизија и овластениот ревизор трговец-поединец, на одговорното лице во друштвото за ревизија и на овластениот ревизор трговец-поединец ќе им се изрече и прекршочната санкција забрана за вршење професија, дејност или должност во траење од една до три години.

Заради усогласување со новиот Закон за прекршоците наместо досегашното решение прекршочната санкција забрана за вршење професија, дејност или должност која се изрекуваше во траење од една до три години истата ќе се изрекува во траење до една година.

II.ЦЕЛИ, НАЧЕЛА И ОСНОВНИ РЕШЕНИЈА

Предложените измени на Законот за ревизија се со цел усогласување на Законот за ревизија со новиот Законот за прекршоците

III. ОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОНОТ ВРЗ БУЏЕТОТ И ДРУГИТЕ ЈАВНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

За донесувањето на овој Предлог на закон не се потребни дополнителни финансиски средства од Буџетот на Република Македонија.

IV. ПРОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ, НАЧИН НА НИВНОТО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ, ПОДАТОЦИ ЗА ТОА ДАЛИ СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА МАТЕРИЈАЛНИ ОБВРСКИ ЗА ОДДЕЛНИ СУБЈЕКТИ

За донесувањето на овој Предлог на закон не се потребни дополнителни финансиски средства од Буџетот на Република Македонија.

V. УСОГЛАСЕНОСТ НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН СО ПРАВОТО НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА

Не

VI. ПОТРЕБА ОД ДОНЕСУВАЊЕ НА ПОДЗАКОНСКИ АКТИ ВРЗ ОСНОВА НА ОВОЈ ЗАКОН

Со донесувањето на Предлог на законот за изменување на Законот за ревизија не се јавува потреба од донесување на подзаконски акти .

ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА
ЗАКОНОТ ЗА РЕВИЗИЈА

Член 1

Во Законот за ревизија („Службен весник на Република Македонија“ бр.158/10 и 135/2011), во членот 42 во ставот (4) зборовите "од една до три години" се заменуваат со зборовите "до една година".

Член 2

Во членот 43 во ставот (2) зборовите "од една до три години" се заменуваат со зборовите "до една година".

Преодни и завршни одредби

Член 3

Прекршочните постапки отпочнати пред надлежниот суд до денот на отпочнувањето со примената на овој Закон ќе завршат според одредбите на Законот за прекршоците („Службен весник на Република Македонија” бр.62/06 и 51/11), во рок од шест месеци од денот на отпочнување со примена на овој закон.

Член 4

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на неговото објавување во „Службен весник на Република Македонија“, а ќе отпочне да се применува со денот на отпочнувањето на примената на Законот за прекршоците („Службен весник на Република Македонија“ бр. /13).

# О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

## I. ОБЈАСНУВАЊЕ НА СОДРЖИНАТА НА ОДРЕДБИТЕ НА ПРЕДЛОГ ЗАКОНОТ

Предлог законот за изменување на Законот за ревизија се состои од четири члена.

Со Членот 1 од Предлог на законот се менува членот 42 став (2) од постојниот Закон за ревизија, односно досегашната прекршочна санкција забрана за вршење професија, дејност или должност во траење од една до три години, на одговорното лице во друштвото за ревизија се изрекува во траење до една година.

Со Членот 2 од Предлог на законот се менува члено 43 став (2) од постојниот Закон за ревизија, односно досегашната прекршочна санкција забрана за вршење професија, дејност или должност во траење од една до три години, на овластениот ревизор трговец-поединец се изрекува во траење до една година.

Членот 3 од Предлог на законот се однесува на преодните одредби со кои се уредува дека прекршочните постапки отпочнати пред надлежниот суд до денот на отпочнувањето со примената на овој Закон ќе завршат според одредбите на Законот за прекршоците („Службен весник на Република Македонија" бр.62/06 и 51/11), во рок од шест месеци од денот на отпочнување со примена на овој закон.

Со Членот 4 од Предлог на законот се уредува отпочнувањето на примената на Предлог законот.

## II.МЕЃУСЕБНА ПОВРЗАНОСТ НА РЕШЕНИЈАТА СОДРЖАНИ ВО ПРЕДЛОЖЕНИТЕ ОДРЕДБИ

Предложените решенија во законот се меѓусебно поврзани и како такви се применливи во пракса.

## III. ПОСЛЕДИЦИ ШТО ЌЕ ПРОИЗЛЕЗАТ ОД ПРЕДЛОЖЕНИТЕ РЕШЕНИЈА

Со предложените измени на Законот за ревизија ќе се постигне усогласеност со новиот Закон за прекршоците.

ИЗВОД ОДРЕДБИ ОД ЗАКОНОТ ЗА РЕВИЗИЈА
ШТО СЕ ИЗМЕНУВААТ

Член 42

(1) Глоба во износ од 3.000 до 6.000 евра во денарска противвредност ќе се изрече за прекршок на друштвото за ревизија, ако:

1) врши законски или договорни ревизии, а не е лиценциран ревизор и не е член на Институтот (член 23);

2) не го објави годишниот извештај за транспарентност (член 35) и

3) не ги применува Меѓународните стандарди за ревизија на IFAC (член 32).

(2) Покрај глобата од ставот (1) на овој член на друштвото за ревизија ќе му се изрече прекршочна санкција, забрана за вршење дејност во траење од една до три години.

(3) Глоба во износ од 500 до 1.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок од ставот (1) на овој член и на одговорното лице во друштвото за ревизија.

(4) Покрај глобата од ставот (3) на овој член на одговорното лице во друштвото за ревизија ќе му се изрече прекршочна санкција забрана за вршење професија, дејност или должност во траење од една до три години.

Член 43

(1) Глоба во износ од 2.000 до 4.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на овластениот ревизор - трговец поединец, ако:

1) врши законски или договорни ревизии, а не е лиценциран ревизор и не е член на Институтот (член 23);

2) не го објави годишниот извештај за транспарентност (член 35) и

3) не ги применува Меѓународните стандарди за ревизија на IFAC објавени во "Службен весник на Република Македонија" (член 32).

(2) Покрај глобата од ставот (1) на овој член на овластениот ревизор - трговец поединец ќе му се изрече прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност во траење од една до три години.